# AMSM | VELO

MEMBER OF

FIA

ARC europe

Show your Card!



# АМСМ

Врти **БЕЗГРИЖНО!**



За валидност на бесплатните услуги од овој членски пакет, задолжително се повикува телефонскиот број на контактниот центар.

---

**24/7**

| | |
|---|---|
| ПОМОШ НА ПАТ | 196 |
| СОСТОЈБА НА ПАТИШТА | (02) 15 555 |
| ИНФО ЛИНИЈА | (02) 3181 181 |

*сите наведени телефонски броеви важат за повик од фиксен и од мобилен телефон

СОДРЖИНА:

**УСЛУГИ КОИ ГИ ДОБИВАТЕ СО АМСМ „VELO“ ...... 4**

**УПАТСТВО КАКО ДА ПОСТАПИТЕ ПРИ ДЕФЕКТ НА ВЕЛОСИПЕД ...... 5**

**I ОДРЕДБИ ЗА ЧЛЕНСКИ УСЛУГИ ...... 7**

Бесплатен мобилен сервис и помош на пат во случај на дефект до 21 часот ...... 7
Бесплатен пренос на велосипед во случај на дефект до 20 километри во двете насоки ...... 9
Преземање на велосипед и пренос по поовластена членска цена ...... 10
Дополнителни погодности, попусти и сезонски акции во системот на АМСМ ...... 11
„Show your Card!“ ...... 11
АМСМ „Партнер програма“ ...... 11
АМСМ „Клуб Мобилити“ ...... 11

**II ОПШТИ ОДРЕДБИ ...... 12**

Член на АМСМ ...... 12
Времетраење на членството ...... 13
Начин на користење на членските услуги ...... 14
Дефект на велосипед ...... 15
Виша сила ...... 16
Договорен партнер на АМСМ ...... 16

# УСЛУГИ КОИ ГИ ДОБИВАТЕ СО АМСМ „VELO“ ЧЛЕНСКИОТ ПАКЕТ

| Ред. бр. | Вид на услуга - градско подрачје - Скопје | Број на интервенции и времетраење |
|---|---|---|
| 1 | Бесплатен мобилен сервис и помош на пат во случај на дефект до 21 часот | Еднаш во период од 12 месеци |
| - | Промена на гума и носење резервна внатрешна гума (со исклучок на гума тубелес) | √ |
| - | Поправка на скинат синџир | √ |
| - | Замена на скршен педал (газиште) | √ |
| - | Штелување - нагодување на брзини | √ |
| - | Престегнување на волан | √ |
| - | Престегнување на седиште | √ |
| - | Промена на сајла за сопирачки | √ |
| - | Промена на сајла за брзини | √ |
| 2 | Бесплатен пренос на велосипед 24/7 | Еднаш во период од 12 месеци |
| 3 | Преземање велосипед и пренос до одредена локација на територијата на Република Северна Македонија по повластена членска цена | Неограничено |
| 4 | Погодности при сервисирање на велосипедот во АМСМ | 20% попуст |
| 5 | АМСМ Партнер програма | √ |
| 6 | Членско списание Клуб Мобилити (електронско издание) | √ |

# УПАТСТВО како да постапите ПРИ ДЕФЕКТ НА ВЕЛОСИПЕД

Исправноста на велосипедот, сервисирањето и одржувањето, како и проверката пред неговото сезонско користење се едни од основните фактори за да имате безбедно патување.

## КАКО да ги користите услугите НА АМСМ ЗА ПОМОШ НА ПАТ

Најчестите дефекти при возење велосипед што може да ви се случат се: дупната гума, скинат синџир, скршен педал, проблем со сопирачките или проблем со брзините.

### 1. Што треба да направите во случај на дефект на вашиот велосипед:

- Јавете се на бројот 196
- **АМСМ Контакт центарот на бројот 196** (за повик од фиксен и за повик од мобилен телефон) е достапен 24 часа/365 дена во годината. Доколку поседувате мобилен телефон со iOS или Android, Контакт центарот може да го повикате само со еден допир преку АМСМ мобилната апликација;

196





24/7 ВРТИ БЕЗГРИЖНО!

- Задолжително при повикот **наведете дека сте АМСМ член** за да ги добиете попустите и погодностите предвидени за АМСМ членовите;
- Опишете го најдобро што можете настанатиот **проблем или ситуација.** Наведете ја **приближно точната локација** каде се наоѓате;
- Во најкраток можен рок на бараната локација ќе пристигне соодветна **помош на пат;**
- По нивното пристигнување потребно е на увид да ги **приложите вашата АМСМ членска картичка и вашата лична карта;**
- Не заборавајте дека услугите помош на пат како АМСМ член ги добивате **бесплатно** на територијата на градот Скопје;
- Доколку е истечено вашето АМСМ членство, имате можност повторно да се зачлените на самото место при интервенцијата и во тој случај овие услуги ги добивате по **повластена членска цена.**

## I ОДРЕДБИ ЗА ЧЛЕНСКИТЕ УСЛУГИ вклучени во пакетот АМСМ VELO

### 1. Бесплатен мобилен сервис и помош на пат во случај на дефект се врши до 21 часот и на оддаленост до 20 километри во двете насоки сметано од местото на тргнување на електричниот велосипед /возило за помош на пат

Во оваа услуга се вклучени следниве погодности:

- Промена на гума и носење резервна внатрешна гума (со исклучок на гума тубелес);
- Поправка на скинат синџир;
- Замена на скршен педал (газиште);
- Штелување - нагодување на брзини;
- Престегнување на волан;
- Престегнување на седиште;
- Промена на сајла за сопирачки;
- Промена на сајла за брзини.

## 1.1 Опис на услуга

Бесплатен мобилен сервис и помош на пат во случај на дефект претставува услуга што ја извршува договорниот партнер на АМСМ, исключително на територијата на градот Скопје и од неа се изземени приградските и селските населби, а притоа услугата се дава на пристапен асфалтиран пат. Услугата бесплатен мобилен сервис и помош на пат се користи за велосипед со кој управува корисникот на АМСМ„VELO" членскиот пакет и не може да ја користи друго лице или член на семејството.

Услугата мобилен сервис и помош на пат се врши до 21 часот и на оддалеченост до 20 километри во двете насоки сметано од местото на тргнување на електричниот велосипед /возило за помош на пат.

Помош на пат се извршува во случај на неочекувани дефектни состојби на велосипедот и притоа се врши привремено, но не и долгорочно отстранување на дефектот, со цел велосипедот да биде во возна состојба.
Доколку договорните партнери не се во состојба да го отстранат дефектот на велосипедот затоа што претставува системски дефект, дефект од несоодветно одржување, дефект предизвикан од несоодветни резервни делови и несоодветна стручност од лица и сервиси што го одржуваат велосипедот, договорните партнери не се обврзани да ја извршат наведената услуга.

## 1.2 Број на бесплатни интервенции

Корисникот на услугата има право на една интервенција во времетраење од еден членски период што трае 12 месеци.
**Напомена:**
Доколку ја искористите бесплатната услуга, секоја следна услуга ќе може да ја користите **по повластена членска цена.**

## 2. Бесплатен пренос на велосипед во случај на дефект до 20 километри во двете насоки сметано од местото на тргнување на возилото за пренос на велосипеди

### 2.1 Опис на услуга

Бесплатен пренос на велосипед до 20 км во двете насоки во случај на дефект претставува услуга што ја извршува договорниот партнер на АМСМ исклучително на територијата на градот Скопје (од која се изземени приградските и селските населби и притоа услугата се дава на пристапен асфалтиран пат), за велосипед со кој управува корисникот на пакетот на АМСМ, при што велосипедот е во дефект, но не може да ја користи друго лице или член на семејството.

Бесплатен пренос на возило во случај на дефект е можен доколку вкупната оддалеченост изнесува до 20 км во двете насоки сметано од местото на тргнување на АМСМ возилото за пренос на велосипеди.
Во случај ако оддалеченоста во двете насоки е поголема од 20 км, на корисникот на услугата ќе му се наплати за разликата од 20 км до вкупното растојание, по цена за членови, а во согласност со патната карта на АМСМ (изготвена од ТРИМАКС) или GPS-системот вграден во возилото за пренос на веосипеди.

### 2.2 Број на бесплатни интервенции

Корисникот на услугата има право на една интервенција во времетраење од еден членски период што трае 12 месеци.

## 3. Преземање велосипед и пренос до одредена локација на територијата на Република Северна Македонија по повластена членска цена

### 3.1 Опис на услуга

Преземање велосипед и пренос до одредена локација на територијата на Република Северна Македонија по повластена цена за членови претставува услуга што ја извршува договорниот партнер на АМСМ, на територијата што е назначена во пакетот.
За користење на услугата **потребно е членот да се јави во Контакт центарот на бројот 196** и да ја договори маршрутата, односно:

- лице за контакт за примопредавање на велосипедот/велосипедите;
- место на преземање на велосипедот;
- број на велосипеди што би се пренесувале;
- место до каде ќе се врши преносот на велосипедот/велосипедите;
- време на преземање на велосипедот/велосипедите од АМСМ возилото за пренос на велосипеди;
- време на испорака на велосипедот/велосипедите.

Дополнителни трошоци на товар на корисникот на пакетот се трошоците за патарина.

## 4. Дополнителни погодности, попусти и сезонски акции во системот на АМСМ организирани за членот или за велосипедот што е во сопственост на членот

Дополнителни погодности, попусти и сезонски акции во системот на АМСМ ги опфаќа сите специјални сезонски активности што во текот на една календарска година АМСМ ќе ги организира за своите членови. Попустите и сезонските акции организирани во системот на АМСМ поврзани со велосипед може да ги користи само членот во период на важност на пакетот.

## 5. „Show your Card!" - Интернационална програма за попусти

„Show your Card!" претставува услуга што ја извршува договорниот партнер на АМСМ. Во текот на валидноста на членството корисникот на пакетот може да ги користи специјалните попусти што ги обезбедува АМСМ заедно со своите договорни партнери. Услугата се остварува со покажување на членската картичка со логото „Show your Card!".

## 6. АМСМ Партнер програма - Национална програма за попусти

„АМСМ-партнер" претставува услуга што ја извршува договорниот партнер на АМСМ. Во текот на валидноста на членството корисникот на пакетите може да ги користи специјалните попусти што ги обезбедува АМСМ заедно со своите договорни партнери. Оваа услуга е валидна исклучително на територијата на Република Северна Македонија и се остварува со покажување на членската карта на АМСМ и документ за лична идентификација.

## 7. Бесплатно доставување на списанието „АМСМ Клуб Мобилити" (десет изданија во текот на една календарска година) на електронска адреса

# II ОПШТИ ОДРЕДБИ [1]

## Член на АМСМ

### Член 1

Член на АМСМ може да биде физичко или правно лице.
Член на АМСМ може да биде физичко лице што е државјанин на Република Северна Македонија или странец со регулиран привремен престој во државата со валидна лична идентификација издадена од овластен орган на Република Северна Македонија, независно од возраста во согласност со Законот за здруженија и фондации и со Статутот на АМСМ. Во согласност со Законот, малолетно лице се зачленува во АМСМ со изјава што кај нотар ја дава неговиот законски застапник.
Лицата со ограничена деловна способност може да бидат членови на АМСМ со изјава што кај нотар ја дава законскиот застапник во согласност со Законот.
Физички лица се здобиваат со членство во АМСМ со потпишување пристапница за физички лица.

Правно лице може да биде член на АМСМ доколку ги исполнува следниве услови:

- да е регистрирано во Централниот регистар на РМ за вршење стопанска дејност согласно Законот за трговски друштва;
- во сопственост да има велосипеди за вршење на стопанската дејност;

[1] *Врз основа на одредбите од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/10) и член 45 од Статутот на Здружението на граѓани Авто Мото Сојуз на Македонија Скопје и согласно Правилникот за членски категории и членски права на членовите на АМСМ донесени се општи одредби*

- за секој велосипед во сопственост на правното лице да има назначено вработен (овластено) физичко лице за управување со регистрираниот велосипед;
- велосипедот да има сериски (регистарски) број по кој ќе се разликува од другите велосипеди во сопственост на правното лице;
- да користи услуги од АМСМ и од правните лица во системот на АМСМ.

Правните лица се здобиваат со членство во АМСМ со потпишување корпоративен договор и/или пристапница за правни лица. Член е секое физичко или правно лице што ја намирило членарината во АМСМ и ги прифаќа општите одредби и услови за користење на услугите на АМСМ. Членот има право да ги користи, целосно или делумно, услугите пропишани во соодветниот пакет, по свој избор, во зависност од избраниот пакет.

## Времетраење на членството

**Член 2**

Пропишаниот износ на членарина, во зависност од избраниот пакет, важи за период од 12 месеци од денот на потпишувањето на пристапницата и уплатата на целосниот износ.

**Член 3**

Членскиот пакет Velo важи исклучително за велосипеди.

**Член 4**

Потребно е барачот на интервенција да биде членот што истовремено е физички присутен до велосипедот при извршувањето на интервенцијата.
АМСМ има право да побара идентификација на членот (важечка лична карта и членска картичка). Доколку се утврди дека барачот на интервенцијата не е АМСМ член, АМСМ не е обврзан да ја изврши интервенцијата.

**Член 5**

Членскиот пакет Velo важи на територијата на градот Скопје од која се изземени приградските и селските населби и притоа услугата се дава на пристапен асфалтиран пат.
Секоја потреба од помош на пат, пренос на велосипед во случај на дефект, членот треба **задолжително** да ја пријави во Контакт центарот на бројот 196 во рок од 24 часа, во спротивно членските услуги ќе бидат невалидни.

## Начин на користење на членските услуги

**Член 6**

Доколку физичко или правно лице првпат се зачленува во АМСМ или, пак, доколку физичко или правно лице (со постојано членство) има прекин во членството подолго од 30 дена од денот на истекувањето на членството, **по 7 дена од датумот на зачленувањето може бесплатно да ги користи** следниве членски услуги:

1. **Бесплатен мобилен сервис, помош на пат и дефект до 21 часот** (еднократно во период од 12 месеци);
2. **Бесплатен пренос на велосипед во случај на дефект до 20 км** (еднократно во период од 12 месеци).

Доколку физичко или правно лице - член на АМСМ нема прекин во членскиот период, бесплатните услуги поврзани со пренос може веднаш да ги користи.
Сите други услуги наведени во членскиот пакет може да се користат веднаш по зачленувањето.

**Член 7**

Дополнителни погодности, попусти и сезонски акции организирани во системот на АМСМ, кои се однесуваат на велосипед, може да ги користи исклучително носителот на членскиот пакет.

## Дефект на велосипед

**Член 8**

Дефект на велосипед е состојба кога ќе се утврди дека велосипедот е технички неисправен и не е во возна состојба.

## Виша сила

**Член9**

АМСМ има право да не изврши интервенција и не сноси одговорност во случај на виша сила или во воена и во вонредна ситуација.

## Договорен партнер на АМСМ

**Член 10**

Договорен партнер на АМСМ претставува правно лице што ги исполнува стандардите за квалитет пропишани од АМСМ и со кое АМСМ склучува договор за извршување на одредени услуги, со цел на корисниците на пакетите на АМСМ да им обезбеди квалитетна и соодветна услуга што ја извршува договорниот партнер.
АМСМ е должен да врши редовна контрола врз квалитетот на услугите на договорниот партнер, односно давателот на услуги.




# СТАНИ ЧЛЕН ONLINE

www.amsm.mk

AMSM